**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

**-д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 17.10.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4938 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** (*„Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма"*).
- **Член 75-б од Изборниот законик** (*„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект"*).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во четвртиот извештаен период (од 2 до 11 октомври 2016 година) анализата на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ НОВА е извршена врз примерок од девет изданија[1] на вестите Обсервер на НОВА во 19 часот.

[1] Поради технички причини, недостига изданието на Обсервер на НОВА во 19 часот од 11 октомври 2016 година. Снимка беше побарана од Телевизијата (со допис бр.03-4848/1 од 12.10.2016 г.). До завршувањето на овој извештај не беше доставена.

Телевизијата, во информативниот блок во 19 часот, се концентрира пред сè на известување за општествено-политичките и економски теми. Вкупното анализирано време изнесува 4 часа 45 минути и 59 секунди, од кои 4 часа 30 минути и 39 секунди се прилози со претежно информативни жанрови (Табела 1) - најчесто извештаи, но и интервјуа. Коментарите и осврттите сочинуваат 15 минути и 20 секунди од примерокот. Неколку од интервјуата се реализирани во живо. Станува збор за разговорот со Виктор Грозданов, експерт за медиуми „Грозданов: Казната против 'ТВ НОВА' е смешна" (5 минути и 30 секунди) емитуван на 2 октомври, потоа, „Старт на концертната сезона на Филхармонијата" (6 минути и 29 секунди) - интервју со директорката на Филхармонијата Маја Чанаќевиќ, од 6 октомври; и на 8 октомври, со Филип Спирковски, претседател на Советот на млади на Општина Велес, по повод Питијадата во Велес (3 минути и 41 секунда).

***Табела 1 – Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:47:19 | 17,48 % |
| СДСМ | 00:15:06 | 5,58 % |
| Граѓански сектор | 00:05:18 | 1,96 % |
| Локална самоуправа | 00:13:35 | 5,02 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:10:17 | 3,80 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:49 | 0,30 % |
| Демократски сојуз | 00:00:39 | 0,24 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:14 | 0,83 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:39 | 0,24 % |
| Собрание на РМ | 00:11:40 | 4,31 % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:31 | 3,89 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:25:49 | 9,54 % |
| Судство | 00:07:17 | 2,69 % |
| Шарена револуција | 00:01:01 | 0,38 % |
| Други субјекти | 00:56:42 | 20,95 % |
| Без субјекти | 00:10:03 | 3,71 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:09:50 | 3,63 % |
| Јавно обвинителство | 00:09:56 | 3,67 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:50 | 3,63 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:09 | 0,42 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:30 | 0,18 % |
| Привремена комисија | 00:10:13 | 3,77 % |
| Претседател на РМ | 00:06:07 | 2,26 % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:04 | 0,39 % |
| ГДОМ | 00:03:01 | 1,11 % |
| | **Вкупно: 04:30:39** | **100 %** |

Според отстапеното време, во најголемиот дел од прилозите се појавуваат субјектите од методолошката категорија „*Други субјекти*": Институт Павел Шатев, НБРМ, ЗАМП, СОКОЈ, ИЗИИС, наставници, Универзитетот МИТ, адвокати, професори, Македонска филхармонија, Киро Глигоров, Истражна комисија за падот на италијанскиот Пајлер, АААВМУ, музичари, актери, ТАВ Македонија, Зоран Вељанов, СТС Текстајл, МАН, МПЦ, МАНУ, медиуми итн.

Прилозите за Владата, која е следна по застапеност, информираат за редовните активности на министрите и премиерот, акциите на МВР, размената на обвинувања меѓу техничкиот министер и дополнителниот-заменик министер во МВР, но и за мерки, настани, резултати од политики на власта од кои придобивки ќе имаат различни категории граѓани и кои по својот карактер имаат позитивен контекст. Вакви примери се: „Објавен е огласот за 670 стипендии за средношколци – Роми" (2 минути и 4 секунди) од 3 октомври; на 4 октомври „Бесплатен туристички викенд за 650 пензионери" (1 минута и 27 секунди) и „На Плаошник откриени над 65.000 предмети подготвени за презентација" (1 минута и 32 секунди); на 5 октомври, прилогот опремен со два телопи, „Отворена градинка во Ѓорче Петров" и „СОНК го поддржа проектот за изградба на градинки" (3 минути и 9 секунди); на 9 октомври „Инвестиција на германската компанија „СТС Текстајлс" (3 минути и 3 секунди), на 10 октомври „Најавени нови 1000 вработувања во охридско" (3 минути и 38 секунди).

Трети се амбасадорите, меѓународните организации и средбите на странските политички субјекти со македонските политичари, потоа СДСМ, па локалната самоуправа, Собранието на Република Македонија, експертите и аналитичарите, па ВМРО ДПМНЕ, зад кое е Привремената комисија за следење на медиумското претставување и граѓаните (во методолошката категорија *„Без субјекти"*).

При известувањето за СДСМ и ВМРО ДПМНЕ се информира за нивните ветувања и мерки, активности, посети и средби, за нивните меѓусебни обвинувања и контраобвинувања.

Од другите политички партии, се среќаваат информации за ДУИ, НДМ, ДПА, Демократки сојуз и ГРОМ.

Позначајна застапеност во директните обраќања имаат претставниците на Владата и разноликата категорија *„Други субјекти"* (Табела 2).

***Табела 2 – Директни обраќања на субјектите***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:07:37 | 8,55 % |
| СДСМ | 00:05:13 | 5,85 % |
| ГДОМ | 00:01:46 | 1,98 % |
| Претседател на РМ | 00:04:08 | 4,64 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:25 | 4,96 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:04 | 3,44 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:09 | 2,41 % |
| Влада на РМ | 00:19:04 | 21,40 % |
| Други субјекти | 00:13:45 | 15,43 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:44 | 0,82 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:06:52 | 7,71 % |
| Граѓански сектор | 00:02:07 | 2,38 % |
| Локална самоуправа | 00:04:58 | 5,57 % |
| Демократски сојуз | 00:00:24 | 0,45 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:25 | 0,47 % |
| Шарена револуција | 00:00:23 | 0,43 % |
| Судство | 00:01:24 | 1,57 % |
| Привремена комисија | 00:04:59 | 5,59 % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:47 | 0,88 % |
| Собрание на РМ | 00:04:53 | 5,48 % |
| | **Вкупно: 01:29:07** | **100 %** |

Неколку теми се третирани преку аналитички жанрови, особено со осврти. На 2 октомври најпрвин се потсетува на резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев, што потоа се надополнува со извадок од интервју со политичкиот аналитичар Александар Даштевски во кое тој ги коментира и контекстуализира резултатите. Оваа целина од вестите е насловена „Двојно повеќе граѓани сметаат дека ВМРО ДПМНЕ подобро ја води економијата од СДСМ" (5 минути и 35 секунди). На 3 октомври се емитува освртот „Анкети: Позитивни проекти наспроти негативни кампањи" (5 минути и 20 секунди) со ставови на политичките аналитичари Александар Даштевски и Петар Арсовски и резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев.

На 3 октомври, означена со телоп „Груевски: 25 години на борба и докажување" (4 минути и 1 секунда) се пренесува колумната на претседателот на ВМРО ДПМНЕ за германскиот весник „Дер Хаупштадбриф".

На 5 октомври емитуван е освртот „УДБА следела политички противници до 2000 година" (2 минути и 20 секунди) во кој се спротивставени ставовите на директорот на државниот архив Филип Петровски и претседателот на Демократскиот Сојуз Павле Трајанов. Освртот е реактуелизирање на темата по извештајот од промовирањето на едицијата, објавен на 3 октомври „Црните страници на УДБА" – „Историја што чека да биде откриена" (2 минути и 27 секунди). Уште едно навраќање на оваа тема има на 8 октомври со сторијата „Потресното сведоштво за тортурите на УДБА" (3 минути и 47 секунди) за животот на Крсте Вељанов, раскажан од неговиот син Зоран.

На 8 октомври, првата информација за извештаите од третиот период на мониторингот што го врши Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е коментарот „Нов извештај за мониторирање на медиумите" (1 минута и 49 секунди) при што негативно се врамува Агенцијата. Во најавата се вели: „симптоматично е што овој пат медиумите се критикуваат што пренесувале информации за случувањата околу СЈО и дека Катица Јанева го напуштила Собранието". Потоа, во прилогот има повеќе сопствени толкувања на Телевизијата за тоа што е предмет на мониторингот, како се реализира тој, што значат наодите од извештаите, што е тоа критичко известување и какви се барањата во Методологијата. Осврнувањето на оваа тема во ова издание на Обсервер во 19 часот се заокружува со дел од интервјуто на членот на Привремената комисија за следење на медиумското претставување Цветин Чилиманов „Нов извештај на Ад-хок телото и Агенцијата за медиуми" (1 минута и 14 секунди). Темата се следи наредниот ден (9 октомври), во извештај „Повторно казни од Агенцијата за медиуми" (7 минути и 16 секунди) во кој се говори за одлуката на Привремената комисија да се преземат мерки против три телевизии со изјава од Цветин Чилиманов и реакцијата на МАН. Мерките од третиот извештаен период, на 10 октомври, се третираат во коментаторски извештај проследен со телопите „Одлуката за прекршочни против медиумите не е политички мотивирана", „Чилиманов и Димишкова: Одговорноста не може да биде на страна на телевизијата" (3 минути и 44 секунди). Во него се известува за издвоеното мислење на членовите на Привремената комисија Цветин Чилиманов и Слаѓана Димишкова по изгласаниот предлог за преземање мерки против три телевизии, се емитуваат изјави од Цветин Чилиманов и од Љубомир Костовски и ставот на Уредничкиот колегиум на ТВ Нова. Во овој прилог има негативен тон и рамка за Агенцијата, особено евидентни во тврдењето дека издвоеното мислење се однесува на „одлуката на Агенцијата за медиуми да покрене прекршочна постапка против три медиуми", иако според Изборниот законик, одлуките за постапување ги носи Привремената комисија, а Агенцијата е обврзана да ги спроведе.

На 10 октомври е емитуван и осврт "Се рестартираат запуштените капацитети" (1 минута и 51 секунда) за интересот на странските инвеститори за преземање на пропаднатите македонски индустриски капацитети во Велес, Битола, Охрид, рудниците „Тораница" и „Злетово" и отворање нови работни места.

***Посебни информативни емисии***[2]

*Дебатни емисии*

Мониторингот за овој десетдневен период започнува на 2 октомври со неделното премиерно издание во 15 часот и 40 минути на дебатната емисија *Око* со Горан Петревски. Гости во студиото се Стевче Јакимовски – претседател на партијата ГРОМ и Ивон Величковски – претседател на ЛП. Водителот информира дека во студиото има празно столче кое било наменето за претседателот на ДС – Павле Трајанов, кој најавил дека ќе учествува во дебатата, но во последен момент го откажал своето присуство поради патување. Ова издание на емисијата *Око* е репризирано на 2 октомври во 21 часот и околу полноќ и следниот ден - по 5 часот наутро и напладне.

На 3 октомври, во редовниот термин во 20 часот и 30 минути емитувано е ново издание на дебатната емисија *Аргументи* со Љубиша Николовски. Гости во емисијата се Горан Милевски – претседател на ЛДП, Владимир Божиновски – професор и политички аналитичар и Африм Гаши – БЕСА. Тема на дебатата е „Изборни лавиринти". Првата редовна реприза од емисијата е прикажана на преминот од 3 кон 4 октомври, а уште две се емитувани утрината и напладне.

На 4 октомври емитувано е издание на *Отворено студио* посветено на земјотресот што се случи тој ден. Гости во студиото се Михаил Гаревски – директор на ИЗИИС, Мирјана Јовановска Стојановска – психолог и Лазо Пекевски – ескперт по сеизмологија. Тема на дебатата е „Скопје повторно се тресе – има ли простор за паника?". Емисијата е репризирана на преминот од 4 кон 5 октомври и утредента во 5 часот наутро и околу пладне.

На 5 октомври, во дебатната емисија *Аргументи* на тема „Одоздола азно ама и трусно" гостуваат д-р Блажо Боев – професор и Соња Липиткова – државна секретарка во Министерство за животна средина. Емитувани се три редовни репризи од ова издание, во вообичаените термини.

На 6 октомври, во редовниот термин за дебатната емисија *Аргументи,* на тема „Оливер vs. Оливер" гостуваат техничкиот министер за внатрешни работи – Оливер Спасовски и дополнителниот заменик-министер – Оливер Андонов. Редовните репризи на ова издание се емитувани вечерта околу полноќ и следниот ден по 5 часот наутро и напладне.

На 7 октомври, во дебатната емисија *Отворено студио* со Градимир Марковски, на тема „Кој и зошто прислушува и следи во Македонија и по 1990 година?" гостуваат поранешниот пратеник и претседател на Комисијата за надзор на УБК и АР – Есад Рахиќ и Предраг Димитровски – новинар и портпарол на Комисијата за лустрација. Темата е иницирана од неодамнешната промоција на едицијата „Црните страници на УДБА" од Државниот архив на РМ. Прва реприза е прикажана на преминот од 7 кон 8 октомври, а следната идното утро по 7 часот и напладне.

На 8 октомври, по 14 часот е емитуван колаж од акценти од повеќе дебати. „Оливер vs. Оливер" со Оливер Спасовски – технички министер во МВР и Оливер Андонов – дополнителен заменик-министер во МВР; „Кој и зошто прислушува и следи во Македонија и по 1990 година? со Есад Рахиќ - поранешниот пратеник и претседател на Комисијата за надзор на УБК и АР и Предраг Димитровски – новинар и портпарол на Комисијата за лустрација; „Скопје повторно се тресе – има ли простор за паника?" со Михаил Гаревски – директор на ИЗИИС, Лазо Пекевски – експерт по сеизмологија, Мирјана Стојановска – психолог; „Оздола азно ама и трусно" со д-р Блажо Боев – професор, Соња Липиткова – државен секретар во Министерство за животна средина.

Истиот ден, по 17 часот емитувано е *Отворено студио на албански јазик.* На тема „Визијата на младите во политиката" гостуваат тројца студенти: Аритон Рама – штотуку дипломиран студент на политички

---

[2] Во примерокот за анализата, од технички причини недостига снимка од 17 до 24 часот на 11 октомври, така што во прегледот недостигаат емисиите емитувани/репризирани во тој период.

науки, Енес Јусуфи – апсолвент на Економскиот факултет, насока трговија и Фуад Јонузи – студент на Правниот факултет при Универзитетот на Југоисточна Европа.

На 9 октомври во 14 часот, емитувано е второто издание за овој десетдневен период на дебатната емисија *Око*. Гости во емисијата се Љубица Буралиева – независна пратеничка и Роза Топузова Каревска пратеничка во Собранието од ЛДП. Поканет бил и претставник од СДСМ, но најголемата опозициска партија не делегирала гостин во емисијата поради, како што била информирана ТВ Нова од центарот на комуникации на СДСМ, теренски активности на нивните пратеници. Од ВМРО-ДПМНЕ условно прифатиле да учествуваат, само ако во емисијата има претставник на СДСМ. Реприза од емисијата се емитувани истиот ден на полноќ и следниот ден по 5 часот наутро.

На 10 октомври, во редовниот термин во 20 часот и 30 минути емитувана е дебатната емисија *Аргументи* на тема „СЈО vs. ОЈО". Гости во студиото се Сотир Костов – аналитичар и поранешен обвинител и Валентин Зафиров – адвокат, поранешен судија. Редовни реприза се емитувани на преминот од 10 кон 11 октомври и следниот ден - во утринските часови и напладне.

*<u>Интервјуа</u>*

На 2 октомври во рамки на вестите во 18 часот, емитувано е интервју во студиото со политичкиот аналитичар Александар Даштевски. Тема на разговор се резултатите од анкетата од Институтот Павел Шатев.

На 3 октомври во вестите во 20 часот, гостува Зоран Јолевски – министер за одбрана на РМ. Тема на разговор е медицинскиот центар за потребите на целиот Балкан со седиште во Македонија и најавата за изградба на фабрика за оружје и муниција, вест која министерот ексклузивно ја дава за ТВ Нова.

На 4 октомври во *120 минути со Гоце Михајловски* гостува дополнителниот заменик-министер за внатрешни работи – Оливер Андонов. Тема на разговор се „Превирањата во МВР".

На 8 октомври во вестите во 16 часот, гостува Цветин Чилиманов – член на Ад-хок телото за медиуми. Тема на разговор е „Новиот извештај на Ад хок-телото и Агенцијата за медиуми". Истиот ден, во 20 часот, емитувано е интервју со директорот на одделот на комуникации и регрутација на Колеџот на Европа – Ричард Вашингтон. Реприза од ова интервју е прикажано на 9 октомври околу пладне.

*<u>Други информативни програми</u>*

На 2 октомври, е емитувана јавна дебата за мерките во спортот одржана во Агенцијата за млади и спорт. ТВ Нова врши директен пренос во живо од дебатата, на која присуствуваа претставници на спортските федерации во Македонија, од МОК и директорот на Агенцијата за млади и спорт – Марјан Спасевски.

## Член 75-б од Изборниот законик

На ТВ Нова, во деновите од четвртиот извештаен период (од 2 до 11 октомври 2016 година), има неколку прилози во кои известувањето за редовни активности на државни органи и на државни институции е во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект:

***Обсервер на Нова во 19 часот 3.10.2016***

19:31:28 – 19:34:07 „Спасов: Проектот за 140 нови градинки ќе обезбеди згрижување на 18.000 деца" – со изјава на Диме Спасов, дополнителен заменик - министер за труд и социјална политика и дел од обраќањето на Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ.

***Обсервер на Нова во 19 часот 5.10.2016***

19:11:43 – 19:14:52 „Отворена градинка во Ѓорче Петров" и „СОНК го поддржа проектот за изградба на градинки" – Во прилогот се спојуваат отворањето на градинката, настан во кој учествуваат претседателот на Владата Емил Димитриев, дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика Диме Спасов и градоначалникот на Општина Ѓорче Петров Сокол Митревски, и новиот проект за изградба на 140 градинки предложен од ВМРО ДПМНЕ, односно поддршката на СОНК за овој проект, со што се поврзуваат активностите на власта и на партијата.

19:14:53 – 19:16:31 „Камен темелник на новото општинско основно училиште во Капиштец" – Во прилогот, активност на локалната самоуправа од Општина Центар се поврзува со СДСМ и се емитува изјава на Радмила Шеќеринска, заменичка - претседател на СДСМ, со партиско ветување во сферата на образованието.

***Сектор за програмски работи***